Службен весник на Република Македонија

Број 62 **21 мај 2012, понеделник** **година LXVIII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1752.	**Одлука** за давање согласност за целосен пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – вулкански туф на локалитетот "Славишко Поле" с. Ветуница, општина Ранковце од Друштво за производство, трговија и услуги ИРИС инженеринг ДООЕЛ експорт - импорт Скопје на СТРМОШ АД рудници за неметали Пробиштип…….	3
1753.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија……..	3
1754.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	3
1755.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	4
1756.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	4
1757.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	4
1758.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	4
1759.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	5
1760.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	5

		Стр.
1761.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	5
1762.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	5
1763.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	6
1764.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	6
1765.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	6
1766.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	6
1767.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	7
1768.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија…….	7
1769.	**Решение** за именување в.д. главен ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош……	7
1770.	**Правилник** за начинот на внесување на податоците на осудените лица во посебниот регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија и начинот на меѓусебно известување и соработка……	7
1771.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош……	9
1772.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер……...	9
1773.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	10
1774.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер……	10
1775.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија……	10
1776.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија……	11
1777.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија……	11
1778.	**Одлука** за престанок на мандатот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија…….....	11
1779.	**Оглас** од Советот на јавните обвинители на Република Македонија……	11
1780.	**Правилник** за составот и означувањето на прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен (*)……	12
1781.	**Одлука** за утврдување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за месец мај 2012 година….	13
1782.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата….	14
	Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придржува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ	
21.	**Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно со Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар……..	2
22.	**Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/847/ЗНБП на Советот од 16 декември 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/639/-ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија……..	6
23.	**Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката на Советот 2011/867/ЗНБП од 20 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија…….	12
24.	**Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно со Одлуката 2011/872/ЗНБП на Советот од од 22 декември 2011 година, за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/-931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката 2011/430/-ЗНБП……	16
25.	**Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката на Советот 2011/782/ЗНБП од 1 декември 2011 година за рестриктивни мерки против Сирија и за укинување на Одлука 2011/273/ЗНБП……..	26
	Огласен дел.....	**1-108**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1752.

Врз основа на член 34 став (2) од Законот за минералните суровини („"Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 88/2008, 52/2009, 6/2010, 158/2010, 53/2011 и 136/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ВУЛКАНСКИ ТУФ НА ЛОКАЛИТЕТОТ "СЛАВИШКО ПОЛЕ" С. ВЕТУНИЦА, ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ОД ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ИРИС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ СКОПЈЕ НА СТРМОШ АД РУДНИЦИ ЗА НЕМЕТАЛИ ПРОБИШТИП

1. Се дава согласност за целосен пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – вулкански туф на локалитетот "Славишко Поле" с.Ветуница, општина Ранковце од Друштво за производство, трговија и услуги ИРИС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на СТРМОШ АД рудници за неметали Пробиштип, доделена со Договор за концесија бр. 24-8824/1 од 30.10.2007 година.

2. Концесијата од точка 1 од оваа одлука се пренесува на СТРМОШ АД рудници за неметали Пробиштип, под исти услови под кои е доделена со Договорот за концесија бр. 24-8824/1 од 30.10.2007 година на Друштво за производство, трговија и услуги ИРИС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, освен во однос на висината и критериумите за определување на надоместокот за концесии за вршење на детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, кои ќе се утврдат врз основа на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2007, 19/2009, 105/2009, 60/2010, 94/2010 и 12/2012).

3. Како почеток на користење на пренесената концесија од точка 1 од оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на Договорот за целосен пренос на концесијата.

4. Во име на Владата на Република Македонија, договорот од точка 3 на оваа одлука ќе го потпише министерот за економија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3105/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1753.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1187/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3403/8
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1754.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1169/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/9
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1755.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1170/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/10
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1756.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1171/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/11
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1757.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010),Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1172/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/12
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1758.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1173/1 од 20.04.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/13
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1759.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1438/1 од 8.5.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/14
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1760.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1174/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/15
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1761.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1175/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/16
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1762.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1176/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/17
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1763.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1177/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/18
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1764.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1178/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/19
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1765.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1436/1 од 8.5.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-3403/20
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1766.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1186/1 од 20.04.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3403/21
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1767.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1426/1 од 8.5.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3403/22
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1768.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 07-1182/1 од 20.4.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3403/23
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

1769.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ГЛАВЕН РЕВИЗОР НА РЕВИЗОРСКОТО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ

1. За вршител на должноста главен ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош се именува Лепосава Апостоловски Велинов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3978/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

1770.

Врз основа на член 13 од Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија („Службен весник на Република Македонија" бр.11/12), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПОСЕБНИОТ РЕГИСТАР ЗА ЛИЦА ОСУДЕНИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА И ПЕДОФИЛИЈА И НАЧИНОТ НА МЕЃУСЕБНО ИЗВЕСТУВАЊЕ И СОРАБОТКА

ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на внесување на податоците на осудените лица во Посебниот регистар за лица осудени со правосилна пресуда за

кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија и начинот на меѓусебно известување и соработка на Министерството за труд и социјална политика, ЈУ Завод за социјални дејности, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, судовите и Министерството за внатрешни работи.

НАЧИН НА ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Член 2

Во Посебниот регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија, (во натамошниот текст: Регистарот), податоците за осудените лица утврдени во член 4 од Законот за Посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија (во натамошниот текст: Законот) и податоците од член 13 од овој правилник се внесуваат, менуваат и ажурираат рачно и електронски од страна на службено лице од ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје, (во натамошниот текст: Заводот) согласно овој правилник.

1. Електронско внесување на податоци

Член 3

Електронското внесување на податоци се врши со пополнување на податоците од член 2 од овој правилник на посебен апликативен софтвер за електронско водење на Регистарот.

2. Рачно внесување на податоци

Член 4

Рачното внесување на податоци се врши со пополнување на податоците од член 2 од овој правилник во Регистарот во хартиена форма.

Член 5

Регистарот е со големина 35 X 25 см.

Регистарот е книга со листови поврзани со корица од тврда хартија, во црвена боја. Листовите на Регистарот се поврзани со конец. Бројот на страницата ја обележува лицето кое го води Регистарот.

Регистарот се води на Образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 6

На корицата на Регистарот стои натпис со големи букви: „ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ-СКОПЈЕ“ а во средината на корицата стои натпис со големи букви: „РЕГИСТАР“, под него централно поставен, со мали букви стои натпис: „за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија“.

Член 7

Во Регистарот се внесуваат следните податоци: реден број, име и презиме на осуденото лице, датум на раѓање, адреса на живеење, кривично дело за кое е осудено, висина на казната, датум на започнување на издржување на казната, датум на прекин на издржување на казната, датум на бришење од Регистарот, фотографија, промени во текот на издржување на казната и забелешка.

Фотографијата од став 1 на овој член е во боја, со големина 3,5 x 4,5см, и се менува на секои десет години.

Во графата за забелешка се заведуваат сите настанати промени на податоците кои се внесуваат во Регистарот од изрекување на правосилната и извршната судска пресуда до бришење од Регистарот.

Член 8

Внесувањето на податоците во Регистарот се врши врз основа на писмено известување добиено од судот.

Член 9

Регистарот се заклучува секоја година со забелешка со редниот број на последниот упис, при што редниот број и годината се означуваат со бројки и букви.

Заверката ја прави службеното лице кое го води Регистарот, со ставање на свој потпис и печат од Заводот.

Член 10

Ако во календарската година не е извршен упис, во Регистарот се забележува дека таа година не е направен упис на податоци и се заверува на начинот утврден во член 9 од овој правилник.

Член 11

Првиот упис на податоци за наредната година се прави на првата наредна страница под реден број 1.

Член 12

Регистарот се чува на начин кој обезбедува заштита од злоупотреба, уништување и оштетување.

Регистарот е архивски материјал од трајна вредност.

МЕЃУСЕБНО ИЗВЕСТУВАЊЕ И СОРАБОТКА

Член 13

Од страна на Управата за извршување на санкции до Заводот се доставуваат податоци за започнување и отпуштање на издржување на казната затвор за лицето осудено со правосилна пресуда за кривични дела од член 3 од Законот, најдоцна 30 дена од денот на започнувањето односно отпушањето на осуденото лице од издржување на казна затвор.

Член 14

Од страна на Министерството за внатрешни работи фотографијата на осуденото лице, се доставува најдоцна пет дена од денот на добивањето на писменото барање од Заводот.

Член 15

Известувањето за податоците за осуденото лице се доставува во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ“.

Член 16

Службеното лице од Заводот, добиените податоци ги внесува во Регистарот најдоцна десет дена од приемот на писменото известување.

Член 17

Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз личните податоци за осудените лица содржани во Регистарот, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и било која друга обработка на личните податоци која произлегува согласно со Законот и одредбите на овој правилник, се приминуваат прописите за заштита на личните податоци.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Податоците за лицата кои во моментот се наоѓаат на издржување на казна затвор во казнено-поправните установи, Управата за извршување на санкциите, овие податоци утврдени во член 4 од Законот како и податоците од член 13 од овој правилник, ги доставува до Заводот најдоцна 10 дена по влегувањето во сила на овој правилник.

Податоците добиени од Управата за извршување на санкции од страна на Заводот се внесуваат во Регистарот, најдоцна десет дена од денот на приемот на податоците.

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-2691/4
14 мај 2012 година
Скопје

Министер,
Спиро Ристовски, с.р.

1771.

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош, („Службен весник на Република Македонија″ бр. 146/09, 59/11, 123/11, 139/11 и 35/12), во член 4 став 1 точката 10 се брише.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Центарот за социјална работа по пат на размена на податоци со Агенцијата за вработување на Република Македонија го утврдува статусот на лицата кои не се вработени, лицата кои се корисници на паричен надоместок по основ на невработеност, лицата кои одбиле понуда за вработување, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување и лицата кои се работно ангажирани за извршување на јавни работи.“

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-2852/4
9 мај 2012 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
Спиро Ристовски, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1772.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија”, бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-176 од 20.04.2012 година, на седницата одржана на ден 16.5.2012 година го донесе, следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Иван Ортаковски од Скопје, издадена со Решение бр. 07-1601/6 од 02.07.2007 година.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Иван Ортаковски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Иван Ортаковски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-176
16 мај 2012 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

1773.

Врз основа на член 101 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011 и Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 28-11-2007 година, „Службен весник на РМ“ број 146/2007), постапувајќи по барањето број 08-УП1-179 од 25-04-2012 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.5.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицето Атанас Стојчески, дипломиран економист од Скопје, за директор на Одделот за работа со хартии од вредност на Охридска банка АД Охрид, со седиште на ул. "Народен фронт" број 19, Скопје, Република Македонија.

2. Согласноста за именување на Атанас Стојчески за директор на Одделот за работа со хартии од вредност на Охридска банка АД Охрид се дава за период од три година од денот на донесување на ова Решение, согласно Одлуката број УО бр. 0204-1970/9 од 18-04-2012 година на Управниот одбор на Охридска банка АД Охрид.

3. Ова Решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицето Атанас Стојчески од функцијата директор на Одделот за работа со хартии од вредност на Охридска банка АД Охрид, со денот на одземање на согласноста за именување на директор од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП1 08-179
16 мај 2012 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

1774.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010 и 135/2011 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-184 од 07.5.2012 година, на седницата одржана на ден 16.5.2012 година го донесе, следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Зорица Пиперкоска од Скопје, издадена со Решение бр. 07-1623/5 од 02.07.2007 година.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Зорица Пиперкоска се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Зорица Пиперкоска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-УП1-184
16 мај 2012 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1775.

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), на ден 17.5.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Љилјана Кацарска, судија на Основен суд Скопје 2 Скопје, со навршување на 64 години на 24.04.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 17.5.2012 година.

Бр. 07-887/1
18 мај 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Александра Зафироска, с.р.

1776.

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), на ден 17.5.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Нада Бајрактарова, судија на Основен суд Струмица, со навршување на 64 години на 6.5.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 17.5.2012 година.

Бр. 07-890/1
18 мај 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Александра Зафироска, с.р.

1777.

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006) в.в. со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), на ден 17.5.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Ѓорѓи Христовски, судија на Основен суд Битола, со навршување на 64 години на 2.5.2012 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето – 17.5.2012 година.

Бр. 07-889/12
18 мај 2012 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Александра Зафироска, с.р.

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1778.

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија, согласно чл.10 и чл. 35 ст. 1 т. 6 од Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), на седница одржана на 14.3.2012 година ја донесе, следната

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

На Насер Ајдари, член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија му се утврди престанок на мандатот член на Советот поради избор на друга јавна функција – Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОР бр. 8/12
14 март 2012 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
Костадин Кизов, с.р.

1779.

Врз основа на член 14 став 1 точка 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Претседателот на Советот г-дин Костадин Кизов на ден 18.5.2012 година, распишува

О Г Л А С

За избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители и тоа по еден кандидат од подрачјето на:

- Општа листа на кандидати од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола со изборно место број 1;
- Општа листа на кандидати од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар со изборно место број 2;
- Општа листа на кандидати од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со изборно место број 3;
- Единствена посебна листа на кандидати на јавните обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија за целата територија на Република Македонија, со изборни места како за општата листа.

Гласањето ќе се одржи на ден 22.6.2012 година .

Кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот на јавните обвинители на Република Македонија, ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 26 – 1000 Скопје. Во рок од 15 дена од објавувањето во „Службен весник на РМ".

Кон пријавата кандидатите треба да достават:

- потврда за стаж како јавен обвинител,
- потврда дека во последните две години не му е изречена дисциплинска мерка,
- биографски податоци за стручниот и професионалниот развој,
- податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадена од Академијата за судии и јавни обвинители и
- изјава за која листа се пријавува.

А бр. 169-1/12
18 мај 2012 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
Костадин Кизов, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

1780.

Врз основа на член 54 став (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10, 53/11 и 1/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство во согласност со министерот за здравство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СОСТАВОТ И ОЗНАЧУВАЊЕТО НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗА ЛИЦА НЕТОЛЕРАНТНИ НА ГЛУТЕН (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат барањата за составот и означувањето на прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен.

Член 2

Овој правилник се однесува на сите видови храна со исклучок на храната за доенчиња и последователната формула за доенчиња опфатени со Правилникот за храна за посебна нутритивна употреба – млечна храна за доенчиња ([1]).

Член 3

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „прехранбени производи за лица нетолерантни на глутен" се прехранбени производи за посебна нутритивна употреба специјално произведени, подготвени и/или преработени со цел да ги исполнат посебните диететски потреби на луѓето нетолерантни на глутен;

2. „глутен" е протеинска фракција од пченица, 'рж, јачмен, овес или нивни хибриди или деривати од нив, кон која одделни луѓе се нетолерантни и која е нерастворлива во вода и во 0,5 М раствор на натриум хлорид;

3. „пченица" се сите видови на родот Triticum.

Член 4

(1) Прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен кои се составени од или содржат една или повеќе состојки произведени од пченица, 'рж, јачмен, овес или нивни хибриди специјално преработени со цел намалување на содржината на глутен, не треба да содржат глутен во повисоко ниво од 100 mg/kg во готовиот производ.

(2) На означувањето, рекламирањето и презентацијата на производите од став (1) на овој член треба да биде присутна ознаката „многу ниска содржина на глутен". Ознаката „без глутен" може да биде присутна кај овие производи доколку содржината на глутен не надминува 20 mg/kg во готовиот производ.

(3) Овесот содржан во прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен треба да биде специјално произведен, подготвен и/или преработен со цел да се избегне негова контаминација со пченица, 'рж, јачмен или нивни хибриди, при што содржината на глутен во тој овес не треба да надминува 20 mg/kg.

(4) Прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен кои се составени од или содржат една или повеќе состојки кои се замена за пченица, 'рж, јачмен, овес или нивните хибриди, не треба да содржат повисоко ниво на глутен од 20 mg/kg во готовиот производ. На означувањето, рекламирањето и презентацијата на овој вид храна треба да биде присутна ознаката „без глутен".

(5) Кога прехранбените производи за лица нетолерантни на глутен содржат состојки кои се замена за пченица, 'рж, јачмен, овес или нивните хибриди и состојки произведени од пченица, 'рж, јачмен, овес или нивните хибриди специјално преработени со цел намалување на содржината на глутен, се применуваат одредбите во однос на составот и означувањето од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(6) Ознаките „многу ниска содржина на глутен" или „без глутен" од ставовите (2) и (4) на овој член треба да бидат ставени во близина на името под кое се продава храната.

Член 5

(1) Без да е во спротивност со одредбите од Правилникот за начинот на означување на храната ([2]), на означувањето, рекламирањето и презентацијата на следните видови прехранбени производи може да биде ставена ознаката „без глутен" доколку содржината на глутен не надминува 20 mg/kg во готовиот производ:

(а) прехранбени производи за нормална исхрана;

---

* Со овој правилник се врши усогласување на Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 41/2009 од 20 јануари 2009 година за составот и означувањето на храната наменета за лица со интолеранција кон глутен (CELEX број 32009R0041).

(б) прехранбени производи за посебна нутритивна употреба кои се специјално формулирани, преработени или подготвени за да ги исполнат посебните диететски потреби различни од оние на луѓето нетолерантни на глутен, но кои се сепак соодветни, според нивниот состав, да ги исполнат и посебните диететски потреби на луѓето нетолерантни на глутен.

(2) На означувањето, рекламирањето и презентацијата на прехранбените производи од став (1) на овој член не треба да биде ставена ознаката „многу ниска содржина на глутен“.

Член 6

Овој правилник престанува да важи со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-2084/6
10 мај 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
Никола Тодоров, с.р.

Бр. 21-1158/6
17 април 2012 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Дејан Рунтевски, с.р.

([1]) Овој правилник е усогласен со Директивата 2006/141/ЕЗ на Комисијата од 22 декември 2006 година за почетна формула за доенчиња и за последователна формула за доенчиња и за изменување на Директивата 1999/21/ЕЗ (CELEX 32006L0141), изменета со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 1243/2008 од 12 декември 2008 година за изменување на Анексите III и VI кон Директивата 2006/141/ЕС што се однесуваат на барања во однос на составот на одредени формули за новороденчињата (CELEX 32008L1243).

([2]) Овој правилник е усогласен со Директивата 1987/250/ЕЕЗ на Комисијата од 15 април 1987 година за индикација на јачината на алкохол по волумен при означување на алкохолните пијалоци за продажба на крајниот потрошувач (CELEX број 31987L0250), Директивата 1989/396/ЕЕЗ на Советот од 14 јуни 1989 година за индикатори или маркери за идентификација на сериите (лотови) на прехранбени производи на кои што се однесуваат (CELEX број 31989L0396), Директивата 1990/496/ЕК на Комисијата од 24 септември 1990 година за означување на нутритивните својства на храната (CELEX број 31990L0496), Регулативата 1991/2092/ЕЕЗ на Советот од 24 јуни 1991 година за органско производство на земјоделски проидзводи и индикациите што при тоа се однесуваат на земјоделските производи и прехранбените производи (CELEX број 31991R2092), Директивата 1994/35/ЕК на Европскиот Парламент и Советот од 30 јуни 1994 година за засладувачи што се користат во прехранбените производи (CELEX број 31994L0035), Директивата 1994/54/ЕК на Комисијата од 18 ноември 1994 година за задолжителна индикација на означувањето на одделни, конкретни прехранбени производи, различни од оние предвидени во Директивата 79/112/ЕЕЗ (CELEX број 31994L054), Директивата 2000/13/ЕК на Европскиот Парламент и на Советот од 20 март 2000 година за приближување на законите на земјите-членки за означување, презентација и рекламирање на храната (CELEX број 32000L0013), Директивата 2002/67/ЕК на Комисијата од 18 јули 2002 година за означување на прехранбени производи што содржат кинин и прехранбени производи што содржат кофеин (CELEX број 32002L0067), Регулативата 2003/1829/ЕК на Европскиот Парламент и Советот од 22 септември 2003 година за генетски модифицирана храна и добиточна храна (CELEX број 32003R1829).

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1781.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр.16/2011 и 136/2011), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр.94/2005, 43/2010, 9/12 и 13/12), постапувајќи по барањето на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, за определување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец мај 2012 година, на седницата одржана на 18 мај 2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ТЕХНОЛОШКО-ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА-СКОПЈЕ ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2012 ГОДИНА

Член 1

1. На Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, како вршител на енергетските дејности дистрибуција на природен гас, упра-

вување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, продажната цена на природниот гас за месец мај 2012 година, се утврдува да изнесува 33,2950 ден/nm3.

2. Во продажната цена на природниот гас од став 1 на овој член, содржани се:

2.1 Трошоци за набавка на природниот гас за месец мај 2012 година, во износ од 28,8467 ден/nm3 и цена за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во износ од 0,1392 ден/nm3, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец Мај 2012 година („Службен весник на РМ" бр. 60/12);

2.2. Цената за услугата пренос и управување со системот за пренос на природен гас, во износ од 1,1753 ден/nm3, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец мај 2012 година („Службен весник на РМ" бр. 60/12);

2.3. Цената за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, во износ од 3,1338 ден/nm3 , утврдени со Одлуката за одобрување на цената за регулиран период за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ" бр. 185/11).

3. Цената од член 1, точка 1 од оваа Одлука, е пресметена без данок на додадена вредност.

Член 2

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 08-108/12
18 мај 2012 година Заменик претседател,
Скопје м-р **Рухи Бакију,** с.р.

1782.

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/2011 и 136/11), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/2010 и 55/11), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ" бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 21.05.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 42,986
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 44,429
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 44,650
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 44,011
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 37,571

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 82,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 84,00

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 72,00

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 60,50

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 45,856

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
ЕУРОСУПЕР БС - 95	81,50	81,00	80,50
ЕУРОСУПЕР БС - 98	83,50	83,00	82,50
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	71,50	71,00	70,50
Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	60,00	59,50	59,00

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 21,836
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 22,087

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,337

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,220

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
ЕУРОСУПЕР БС - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР БС - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М-1 НС	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 22.05.2012 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02-888/1
21 мај 2012 година
Скопје

Заменик претседател,
м-р **Рухи Бакију,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2012 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2012062

Службен весник
на Република Македонија

Број 62 **21 мај 2012, понеделник** **година LXVIII**

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придржува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ

СОДРЖИНА

Стр.

21. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно со Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар..... **2**

22. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/847/ЗНБП на Советот од 16 декември 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија..... **6**

23. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката на Советот 2011/867/ЗНБП од 20 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија..... **12**

24. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно со Одлуката 2011/872/ЗНБП на Советот од од 22 декември 2011 година, за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката 2011/430/ЗНБП..... **16**

25. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката на Советот 2011/782/ЗНБП од 1 декември 2011 година за рестриктивни мерки против Сирија и за укинување на Одлука 2011/273/ЗНБП..... **26**

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

21.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО СО ОДЛУКАТА 2011/859/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 19 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2010/232/ЗНБП ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ ПРОТИВ БУРМА/МИЈАНМАР

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерство за економија, Министерството за финансии и Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивните мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2010/232/ЗНБП од 26 април 2010 година за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар и Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар.

Член 6

Одлуката 2011/859/ЗНБП на Советот од 19 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивните мерки против Бурма/Мијанмар, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка ќе се применува до 30 април 2012 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-3110/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

21.12.2011 EN Official Journal of the European Union L 338/55

COUNCIL DECISION 2011/859/CFSP

of 19 December 2011

amending Decision 2010/232/CFSP renewing restrictive measures against Burma/Myanmar

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on the European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to Council Decision 2010/232/CFSP of 26 April 2010 renewing restrictive measures against Burma/Myanmar ([1]), and in particular Article 14 thereof,

Whereas:

(1) On 26 April 2010, the Council adopted Decision 2010/232/CFSP renewing restrictive measures against Burma/Myanmar.

(2) The information relating to one entity on the list in Annex I to Decision 2010/232/CFSP should be updated.

(3) Annex I to Decision 2010/232/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

In Annex I to Decision 2010/232/CFSP, the entry for Mayar (H.K) Ltd shall be replaced by the following:

'Mayar India Ltd (Yangon Branch)
37, Rm (703/4), Level (7), Alanpya Pagoda Rd, La Pyayt Wun Plaza, Dagon, Yangon.'

Article 2

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 19 December 2011.

For the Council
The President
M. KOROLEC

([1]) OJ L 105, 27.4.2010, p. 22.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ОДЛУКА 2011/859/ЗНБП НА СОВЕТОТ

од 19 декември 2011 година

за изменување на Одлука 2010/232/ЗНБП за продолжување рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи ја предвид Одлука на Советот 2010/232/ЗНБП од 26 април 2010 година за продолжување на рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар ([1]), а особено член 14 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 26 април 2010 година, Советот ја донесе Одлука 2010/232/ЗНБП за продолжување на рестриктивни мерки против Бурма/Мијанмар.

(2) Информациите кои се се однесуваат на еден субјект од списокот во Анекс I на Одлуката 2010/232/ЗНБП треба да се ажурираат.

(3) Анекс I на Одлука 2010/232/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Во Анекс I од Одлука 2010/232/ЗНБП, Mayar (HK) Ltd се заменува со следното:

Mayar India Ltd (Yangon Branch)

37, Rm (703/4), Level (7), Alanpya Pagoda Rd, La Pyayt Wun

Plaza, Dagon, Yangon.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Брисел, 19 декември 2011 година.

За Советот

Претседател

М. КОРОЛЕЦ

[1] Сл. весник L 105, 27.4.2010 година, стр. 22.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

22.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/847/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 16 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2010/639/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ БЕЛОРУСИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведува рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/847/ЗНБП на Советот од 16 декември 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- забрана за влез во Република Македонија,
- финансиски мерки и
- ембарго на оружје.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведување на рестриктивната мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување 2011/847/ЗНБП на Советот од 16 декември 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија и Одлуката 2010/639/ЗНБП на Советот од 25 октомври 2010 година за рестриктивни мерки против одредени службеници на Белорусија, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2011.

Член 6

Одлуката за спроведување 2011/847/ЗНБП на Советот од 16 декември 2011 година за спроведување на Одлуката 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка против Белорусија се воведува на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-2950/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

17.12.2011 EN Official Journal of the European Union L 335/81

COUNCIL IMPLEMENTING DECISION 2011/847/CFSP

of 16 December 2011

implementing Decision 2010/639/CFSP concerning restrictive measures against Belarus

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2010/639/CFSP of 25 October 2010 concerning restrictive measures against Belarus ([1]), and in particular Article 4(1) thereof,

Whereas:

(1) On 25 October 2010, the Council adopted Decision 2010/639/CFSP concerning restrictive measures against Belarus.

(2) In view of the gravity of the situation in Belarus, additional persons should be included in the list of persons and entities subject to restrictive measures as set out in Annex IIIA to Decision 2010/639/CFSP.

(3) Annex IIIA to Decision 2010/639/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

The persons listed in the Annex to this Decision shall be added to the list set out in Annex IIIA to Decision 2010/639/CFSP.

Article 2

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 16 December 2011.

For the Council
The President
T. NALEWAJK

([1]) OJ L 280, 26.10.2010, p. 18.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ANNEX

Persons referred to in Article 1

	Names Transcription of Belarusian spelling Transcription of Russian spelling	Names (Belarusian spelling)	Names (Russian spelling)	Place and date of birth	Position
'1.	Bandarenka Siarhei Uladzimiravich Bondarenko Sergei Vladimirovich	Бандарэнка Сяргей Уладзіміравіч	Бондаренко Сергей Владимирович	Address: Department of law of administration of Pervomaysky district Chornogo K. 5 office 417 Tel.: +375 17 2800264	Judge of the Pervomaiski District Court of Minsk. On 24 November 2011 he sentenced Ales Byalyatski, one of the most prominent human rights defenders, Chief of the Belarusian HR Centre "Vyasna", Vice President of FIDH. The trial was conducted in a way that was a clear violation of the Code of Penal Procedure. Byalyatski was active in defending and providing assistance to those who suffered from repression in relation with the 19 December 2010 elections and the crackdown on civil society and democratic opposition.
2.	Saikouski Uladzimir Saikovski Vladimir	Сайкоўскі Уладзімір	Сайковский Владимир	Address: Department of law of administration of Pervomaysky district Chornogo K. 5 office 417 Tel.: +375 17 2800264	Public Prosecutor of the Pervomaiski District Court of Minsk. He dealt with the trial of Ales Byalyatski, one of the most prominent human rights defenders, Chief of the Belarusian HR Centre "Vyasna", Vice President of FIDH. The accusation presented by the prosecutor in the trial had a clear and imminent political motivation and was a clear violation of the Code of Penal Procedure. Byalyatski was active in defending and providing assistance to those who suffered from repression in relation with the 19 December 2010 elections and the crackdown on civil society and democratic opposition.'

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/847/ЗНБП НА СОВЕТОТ

од 16 декември 2011 година

за спроведување на Одлука 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука на Советот 2010/639/ЗНБП од 25 октомври 2010 година за рестриктивни мерки против Белорусија ([1]), а особено член 4 (1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 25 октомври 2010 година, Советот ја донесе Одлука 2010/639/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија.

(2) Со оглед на тежината на ситуацијата во Белорусија, дополнителни лица треба да бидат вклучени во списокот на лица и субјекти кои се предмет на рестриктивни мерки како што е утврдено во Анекс IIIA од Одлука 2010/639/ЗНБП.

(3) Анекс IIIA од Одлука 2010/639/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Лицата наведени во Анексот на оваа одлука, се додаваат во списокот утврден во Анекс IIIA од Одлука 2010/639/ЗНБП.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Брисел, 16 декември 2011 година.

За Советот

Претседател

Т. НАЛЕВАЈК

[1] Сл. весник L 280, 26.10.2010 година, стр. 18.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

АНЕКС

Лица кои се наведени во член 1

	Име Транскрипција од белоруски правопис Транскрипција од руски правопис	Имиња (Белоруски правопис)	Имиња (Руски правопис)	Место и датум на раѓање	Позиција
1.	Бандаренка Сиархеи Уладимиравич / Bandarenka Siarhei Uladzimiravich Бондаренко Сергеј Владимирович/ Bondarenko Sergei Vladimirovich	Бандарэнка Сяргей Уладзіміравіч	Бондаренко Сергей Владимирович	Адреса: Правен оддел на администрацијата на Првомајскиот округ Chornogo K. 5 канцеларија 417 Тел.: +375 17 2800264	Судија од Судот во Првомајскиот регион на Минск. На 24 ноември 2011 година тој издава пресуда против Алес Бјалјацки / Ales Byalyatski, еден од најистакнатите поборници за човекови права, шеф на белорускиот центар за човекови права "Vyasna", Заменик претседател на ФИДХ. Судењето беше водено на начин што е јасно прекршување на Кривичниот законик. Бјалјацки активно ги бранел и давал поддршка на лицата погодени од репресиите во врска со изборите од 19 декември 2010 година и од репресивните мерки против граѓанското општество и демократската опозиција.
2.	Саикоуски Уладимир / Saikouski Uladzimir Саиковски Владимир / Saikovski Vladimir	Сайкоўскі Уладзімір	Сайковский Владимир	Адреса: Правен оддел на администрацијата на Првомајскиот округ Chornogo K. 5 канцеларија 417 Тел.: +375 17 2800264	Јавен обвинител во Судот во Првомајскиот регион на Минск. Тој работи на процесот против Алес Бјалјацки, еден од најистакнатите поборници за човекови права, шеф на белорускиот центар за човекови права "Vyasna", Заменик претседател на ФИДХ. Обвинението претставено од обвинителот има јасна и непосредна политичка мотивација и е јасно прекршување на Кривичниот законик. Бјалјацки активно ги бранел и давал поддршка на лицата погодени од репресиите во врска со изборите од 19 декември 2010 година и од репресивните мерки против граѓанското општество и демократската опозиција.

23.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ 2011/867/ЗНБП ОД 20 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/137/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИТЕ МЕРКИ СО ОГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката на Советот 2011/867/ЗНБП од 20 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Министерството за економија за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивната мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката на Советот 2011/867/ЗНБП од 20 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија и Одлуката на Советот 2011/137/ЗНБП од 28 февруари 2011 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/11").

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

Член 6

Одлуката 2011/867/ЗНБП на Советот од 20 декември 2011 година за изменување на Одлуката 2011/137/ЗНБП за рестриктивните мерки со оглед на состојбата во Либија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка кон Либија се воведува на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-2949/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

L 341/56 EN Official Journal of the European Union 22.12.2011

COUNCIL DECISION 2011/867/CFSP

of 20 December 2011

amending Decision 2011/137/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Whereas:

(1) On 28 February 2011, the Council adopted Decision 2011/137/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Libya [1], in order, inter alia, to implement United Nations Security Council Resolution (UNSCR) 1970 (2011).

(2) On 23 March 2011, the Council adopted Decision 2011/178/CFSP [2] amending Decision 2011/137/CFSP in order to implement UNSCR 1973 (2011).

(3) On 22 September 2011, the Council adopted Decision 2011/625/CFSP [3] amending Decision 2011/137/CFSP in order to implement UNSCR 2009 (2011).

(4) On 10 November 2011, the Council adopted Decision 2011/729/CFSP [4] amending Decision 2011/137/CFSP in order to implement UNSCR 2016 (2011).

(5) On 16 December 2011, the Security Council Committee established pursuant to UNSCR 1970 (2011), acting in accordance with paragraph 19 of UNSCR 2009(2011), decided to lift the designation relating to two entities.

(6) Decision 2011/137/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

Article 6(1a) of Decision 2011/137/CFSP is hereby replaced by the following:

'1a. All funds, other financial assets and economic resources, owned or controlled, directly or indirectly by the:

(a) Libyan Investment Authority; and

(b) Libyan Africa Investment Portfolio,

that are frozen as of 16 September 2011 shall remain frozen.'.

Article 2

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 20 December 2011.

For the Council

The President

M. DOWGIELEWICZ

---

[1] OJ L 58, 3.3.2011, p. 53.
[2] OJ L 78, 24.3.2011, p. 24.
[3] OJ L 246, 23.9.2011, p. 30.
[4] OJ L 293, 11.11.2011, p. 35.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ОДЛУКА 2011/867/ЗНБП НА СОВЕТОТ

од 20 декември 2011 година

за изменување на Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

со оглед на тоа што:

(1) На 28 февруари 2011 година, Советот ја донесе Одлука 2011/137/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Либија ([1]), со цел, меѓу другото, имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации (УНСЦР) 1970 (2011).

(2) На 23 март 2011 година, Советот ја донесе Одлука 2011/178/ЗНБП ([2]) за изменување на Одлука 2011/137/ЗНБП со цел имплементација на УНСЦР 1973 (2011).

(3) На 22 септември 2011 година, Советот ја донесе Одлука 2011/625/ЗНБП ([3]) за изменување на Одлука 2011/137/ЗНБП со цел имплементација на УНСЦР 2009 (2011).

(4) На 10 ноември 2011 година, Советот ја донесе Одлука 2011/729/ЗНБП ([4]) за изменување на Одлука 2011/137/ЗНБП со цел имплементација на УНСЦР 2016 (2011).

(5) На 16 декември 2011 година, Комитетот на Советот за безбедност, формиран во согласност со УНСЦР 1970 (2011) постапувајќи во согласност со став 19 од УНСЦР 2009 (2011), одлучи да отстрани два субјекти од списокот.

(6) Одлука 2011/137/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Член 6 (1а) на Одлука 2011/137/ЗНБП се заменува како што следува:

‘1а. Сите финансиски средства, други финансиски средства и економски ресурси, кои се во сопственост или се под директна или индиректна контрола на:

(а) Libyan Investment Authority; и

(б) Libyan Africa Investment Portfolio,

кои се замрзнати од 16 септември 2011 година, остануваат замрзнати.’.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Брисел, 20 декември 2011 година.

За Советот

Претседател М. ДОВГИЕЛЕВИЧ

[1] Сл. весник L 58, 3.3.2011 година, стр. 53.
[2] Сл. весник L 78, 24.3.2011 година, стр. 24.
[3] Сл. весник L 246, 23.9.2011 година, стр. 30.
[4] Сл. весник L 293, 11.11.2011 година, стр. 35.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

24.

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.5.2012 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО СО ОДЛУКАТА 2011/872/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 22 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА, ЗА АЖУРИРАЊЕ НА СПИСОКОТ НА ЛИЦА, ГРУПИ И ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ЧЛЕНОВИТЕ 2, 3 И 4 ОД ЗАЕДНИЧКАТА ПОЗИЦИЈА 2001/931/ЗНБП ЗА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/430/ЗНБП

Член 1

Со оваа одлука се воведува рестриктивната мерка согласно со Одлуката 2011/872/ЗНБП на Советот од 22 декември 2011 година за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката 2011/430/ЗНБП.

Член 2

Оваа одлука се однесува на меѓународни рестриктивни финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за финансии, Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивната мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Заедничката позиција на Советот на ЕУ 2001/931/ЗНБП од 28 декември 2001 година во врска со примената на посебните мерки за борба против тероризмот и Одлуката 2011/872/ЗНБП на Советот од 22 декември 2011 година за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката 2011/430/ЗНБП.

Член 6

Одлуката 2011/872/ЗНБП на Советот од 22 декември 2011 година за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката 2011/430/ЗНБП, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на Советот 2011/430/ЗНБП од 18 јули 2011 година за ажурирање на списокот на лица, групи и правни лица кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничката позиција 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот, објавена во („Службен весник на Република Македонија “ бр.149/11).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-2951/1
12 мај 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

L 343/54 EN Official Journal of the European Union 23.12.2011

COUNCIL DECISION 2011/872/CFSP

of 22 December 2011

updating the list of persons, groups and entities subject to Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP on the application of specific measures to combat terrorism and repealing Decision 2011/430/CFSP

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Whereas:

(1) On 27 December 2001, the Council adopted Common Position 2001/931/CFSP on the application of specific measures to combat terrorism ([1]).

(2) On 18 July 2011, the Council adopted Decision 2011/430/CFSP updating the list of persons, groups and entities subject to Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP ([2]).

(3) In accordance with Article 1(6) of Common Position 2001/931/CFSP, it is necessary to carry out a complete review of the list of persons, groups and entities to which Decision 2011/430/CFSP applies.

(4) This Decision sets out the result of the review that the Council has carried out in respect of the persons, groups and entities to which Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP applies.

(5) The Council has concluded that the persons, groups and entities to which Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP apply have been involved in terrorist acts within the meaning of Article 1(2) and (3) of Common Position 2001/931/CFSP, that a decision has been taken with respect to them by a competent authority within the meaning of Article 1(4) of that Common Position, and that they should continue to be subject to the specific restrictive measures provided for therein.

(6) The list of the persons, groups and entities to which Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP apply should be updated accordingly, and Decision 2011/430/CFSP should be repealed,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

The list of persons, groups and entities to which Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP apply shall be that set out in the Annex to this Decision.

Article 2

Decision 2011/430/CFSP is hereby repealed.

Article 3

This Decision shall enter into force on the day of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 22 December 2011.

For the Council
The President
M. DOWGIELEWICZ

([1]) OJ L 344, 28.12.2001, p. 93.
([2]) OJ L 188, 19.7.2011, p. 47.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

ANNEX

List of persons, groups and entities referred to in Article 1

1. PERSONS

1. ABDOLLAHI Hamed (a.k.a Mustafa Abdullahi), born August 11, 1960 in Iran. Passport: D9004878.

2. ABOU, Rabah Naami (a.k.a. Naami Hamza, a.k.a. Mihoubi Faycal, a.k.a. Fellah Ahmed, a.k.a. Dafri Rèmi Lahdi), born 1.2.1966 in Algiers (Algeria) – member of "al-Takfir" and "al-Hijra"

3. ABOUD, Maisi (a.k.a. The Swiss Abderrahmane), born 17.10.1964 in Algiers (Algeria), – member of "al-Takfir" and "al-Hijra"

